СКМ-ЗП-РУ-10/02

Бр.13-161/1
01.02.2016 година
Скопје

**Предмет: Покана за учество на свечено доделување на сертификати на 1000 градежни работници за поседување на вештини и компентенции за градење на енергетско ефикасни објекти**

**Почитувани,**

Во рамките на ЕУ-иницијативата BUILD UP Skills (http://www.buildupskills.eu), која има за цел подобрување на квалификациите и вештините на европските градежни работници за постигнување на зголемена енергетска ефикасност на објекти, заврши спроведувањето на процесот на препознавање (верификација) на претходно знаење и вештини за енергетска ефикасност на градежните работници во Македонија за следните 5 занимања: фасадери, кровопокривачи, столари, инсталатери на греење, ладење и вентилација и инсталатери на електрични инсталации.

Иницијативата на Европската унија за градење на капацитетите на работниците во градежниот сектор беше со цел да се подготви и нашата земја во делот на квалификација и преквалификација на градежните работници, со акцент пријавување на кандидати кои поседуваат знаења и вештини стекнати со неформални обуки или работно искуство во градежни претпријатија. Токму поради тоа, во рамките на проектот „Обука на градежните работници за енергетска ефикасност“ – (BUILD UP Skills - Builders' Energy Efficiency Training - BEET - http://beet.mk/mk/), заврши процесот на сертифицирани тренери и градежни работници, и со тоа се постигнаа целите од приоритетите на ЕУ Стратегијата 2020 за спроведување на енергетската ефикасност во градежниот сектор.

Ве покануваме да присуствувате на свеченото доделување на сертификатите на 1000 градежни работници за енергетска ефикасност во 5 занимања, што ќе се одржи на 12 февруари 2016 година со почеток во 12:00 часот, во хотел Холидеј Инн Скопје.

**Во прилог е Агендата**

1. Кратка презентација на резултатите од проектот БЕЕТ;
2. Свеченото доделување на сертификати за градежни работници;
3. Коктел

**контакт лица:**
Ивона Каранфиловска (тел. + 389 2 3 244-084, е-адреса: ivona@mchamber.mk) и
Ирена Мојсовска (тел. + 389 2 3 244-009, е-адреса: irena@mchamber.mk).

Со изрази на особено почитување,

Јадранка Аризанковска
Проект менаџер
„ BUILD UP Skills“ – BEET